Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кој ќе се заколне лажно – со намера преку таа заклетва да присвои имот на друг муслиман – ќе Го сретне Аллах, а Тој ќе биде гневен на него.“

Абдулах бин Месуд, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кој ќе се заколне лажно – со намера преку таа заклетва да присвои имот на друг муслиман – ќе Го сретне Аллах, а Тој ќе биде гневен на него.“ Тогаш Еш’ас бин Кајс рече: „Се колнам во Аллах, ова беше објавено поради мене! Имав расправија со еден евреин околу една земја – тој ја порекна мојата сопственост, па го изведов пред Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем. Пратеникот ме праша: ‚Имаш ли доказ?‘ Одговорив: ‚Немам.‘ Тогаш му рече на евреинот: ‚Заколни се!‘ Реков: ‚О Божји пратенику, па тој ќе се заколне и ќе ми го земе имотот!‘ Потоа Возвишениот Аллах објави: ‚Навистина, тие кои обврската своја кон Аллах и заклетвите свои ги заменуваат за нешто што малку вреди...‘ до крај на ајетот."

[صحيح] [متفق عليه]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, предупредил против лажно колнење во Аллах – кога човек свесно лаже во својата заклетва со намера да присвои туѓ имот. За таквиот е речено дека ќе Го сретне Аллах, а Тој ќе биде гневен на него. Во врска со ова, Еш’ас бин Кајс, Аллах нека е задоволен со него, раскажал дека имал спор со еден евреин за сопственоста на една земја. Случајот го изнеле пред Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, кој му рекол: „Ако тврдиш дека земјата е твоја – принеси доказ. Ако немаш доказ, тогаш останува противникот да се заколне.“ На што Еш’ас рекол: „О Божји пратенику, но тој ќе се заколне и ќе ми го земе имотот!“ По ова, Возвишениот Аллах го објави потврдувањето на ова во Неговиот говор: „Навистина, тие кои обврската своја кон Аллах и заклетвите свои ги заменуваат за нешто што малку вреди, на оној свет никакво добро нема да имаат." – го заменуваат ветувањето дадено на Аллах и Неговата наредба до верниците да ги исполнуваат доверените обврски, и своите заклетви што ги даваат во името на Аллах – а знаат дека лажат – за бедна добивка од овој свет, тие немаат удел на Ахиретот. „Аллах со нив нема да зборува, ниту ќе погледне во нив на Судниот Ден, ниту ќе ги исчисти! На нив им припаѓа болна казна!“ – Аллах нема да им проговори со зборови што ќе ги израдуваат и ќе им користат, туку ќе биде гневен на нив. Нема да ги погледне на Судниот ден со поглед на милост и добрина, нити ќе ги очисти – ниту со пофалба, ниту со простување од нивните гревови и нечистотии. И за нив има болна казна, како последица на она што го сториле.